# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Првото продолжение на 17-та седница на
Националниот совет за евроинтеграции
одржана на 07 ноември 2013 година

ноември 2013 година
Скопје

Првото продолжение на 17-та седница на Националниот совет за евроинтеграции се одржа во сала на Уставната комисија, во Собранието на Република Македонија, со почетокот 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

**Радмила Шекеринска**

Добро утро, предлагам да почнеме. Дозволете ми да Ве информирам дека Еврејската заедница има нов претставник, би сакала да му посакам добредојде на господинот Благоја Младеновски. Се надевам дека ќе имаме соработка во периодот кој следува. Минатиот пат ја завршивме дебатата и застанавме на заклучоците, имавме неколку предлози кои беа споделени со Вас, во меѓувреме заклучоците беа изменети и дополнети по предлог на членовите на НСЕИ, во меѓувреме Комисијата за европски прашања одржа седница и усвои одредени заклучоци каде ги зедоа во предвид дел од предлозите кои ние ги дадовме овде. Сметам дека не треба да оставиме на Собранието да избира меѓу едните или другите заклучоци, зашто комисијата ги усвои заклучоците со широк консензус, истите Ви беа доставени со електронска порака. Предлагам да одлучуваме по нив, доколку е можно да се усогласиме и да му доставиме на Собранието заклучоци кои ќе бидат идентични на заклучоците на Комисијата. Од друга страна доколку сметате дека ова не е добар предлог, имаше подготвено други заклучоци на кои веќе се направени одредени изменети и дополнувања.

Илија Димовски Ви давам збор.

**Илија Димовски**

Благодарам.

Добро утро на сите. Сметам дека заклучоците кои ни беа доставени од Ваша страна беа предложени како работни материјали за НСЕИ. Ја почитувам работата на Комисијата за европски прашања, но сметам дека треба да имаме во предвид дека НСЕИ е тело кое треба да имам подлабоко значење за своето постоење зашто ги обединува сите институции и асоцијации од нашата држава, со сета почит кон Комисијата за европски прашања, сметам дека треба да ја завршиме работата онака како што ја започнавме - заклучоците беа прифатливи, проследени и многу добри и сметам дека ова е насоката која треба да ја следиме. Ова е прифатливо за мене и формално предлагам и доколку е прифатливо за останатите да работиме на овие заклучоци. Не сите овде се членови на Комисијата за европски прашања и затоа треба да работиме како што предлагам. Благодарам.

**Радмила Шекеринска**

Немам никаков проблем со овој предлог, сметам дека мојата задача бидејќи во тој случај денеска и утре ќе преговараме кои заклучоци Собранието да ги прифати, нема никаков проблем. Во принцип она што го имате добиено како предлог, ги имате претпоставувам и предлозите за измени на заклучоците. Не, има различни од Мирчев, од Кенан Хасипи, од Граѓанска платоформа и од ДПА. Поделете ги. Ако не во тој случај би ја отворила дискусијата по овие заклучоци.

Повелете Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи**:

Ќе бидам многу краток. Мислам дека би била добра праксата по извештаите за напредокот на Република Македонија од страна на Европската комисија, да имаме заеднички состанок со Комисијата за европски прашања, да не би доаѓале во ситуација сега да избираме помеѓу заклучоци кои што ми се и формално доставени, а се од два органа чија што основна цел е евроинтегрирањето на Република Македонија. Оттука до колку можеме да постигнеме согласност, а јас би сакал да постигнеме би предложил пред да оди во Собрание да одржиме заеднички состанок со Комисијата за европски прашања и да ги усогласиме ставовите, бидејќи Национален совет за евроинтеграции не се надгласува и не носи одлуки со надгласување, туку со консензус. Во интерес на вакво консензуално надгласување на одлуките го давам мојот предлог. Благодарам.

**Радмила Шекеринска**:

Повелете Илија Димовски.

**Илија Димовски**:

Од сега си реплицираме и во заедничка пратеничка група. Национален совет за евроинтерграции е тело кое што ги обединува сите, па и Комисијата за европски прашања. Ние можеме да го имаме во предвид тоа. Национален совет за евроинтерграции е тело кое што хиерархијата на работните тела на Собранието е многу повисоко од било кое работно тело со должна почит. Претседателот на Комисијата за европски прашања е член на Националниот совет за евроинтеграции, има членови на Националниот совет за евроинтеграции кои воопшто не се пратеници, а претставуваат големи сегменти од општеството и плус не сите пратеници кои сме членови на Националниот совет за евроинтеграции сме членови на Комисијата за европски прашања. Така да ако имате дилема околу тоа по што треба да гласа Собранието примарно според мене, примарна логика е да гласа по заклучоците на Националниот совет за евроинтеграции, заради тоа што и го спомнавте неколку пати тука и принципот на одлучување е консензуален, мора да се усогласиме меѓу себе, да нема исклучоци, да нема надгласувања и сето тоа е многу подобра основа за поголем степен на доверба помеѓу пратениците. Комисијата за

европски прашања може и со мнозинство да ги донесе, тука треба да се усогласи и тоа е демократска предност.

**Радмила Шекеринска**:

Повелете.

**Кенан Хасипи**:

Погрешно бев разбран, реков до колку не се договориме тогаш би предложил таква варијанта. Јас мислам дека ќе се договориме. Значи дали да одиме по Националниот совет за евроинтеграции или по одлуките на Комисијата за европски прашања. Ако не се договориме предложив таков предлог, само тоа.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам.

Значи ајде да расчистиме една дилема на која пет пати се враќаме, а мислам дека одново ја дискутираме. Јас го делам впечатокот на господинот Кенан Хасипи дека е добро кога се дискутира Извештајот како и некои други документи кои предизвикуваат поголемо внимание и во јавноста и меѓу нас, да имаме заеднички седници со Комисијата и тоа сме го правеле. Меѓутоа факт е дека на неколку заеднички седници кои што ги имавме имаше реакции и од членовите на Националниот совет за евроинтеграции и претставниците кои што не се пратеници дека во таква ситуација гласот на оние на кои не припаѓаат на политичките партии помалку се слуша и земајќи го предвид таквите забелешки овој пат одлучивме особено бидејќи немаше најава во прв момент за гости од Брисел одлучивме да одиме на поединечни  седници за да имаме две дебати и да имаат шанса и пратениците и политичките партии да го кажат својот став, меѓутоа да отвориме простор поголем и на Националниот совет за евроинтеграции, претставниците од другите сектори од нашата држава да го кажат своето мислење. И ова сега е последица на едно такво размислување. Меѓутоа, ајде да не губиме многу време и да почнеме да дискутираме, ако се смета, бидејќи тие заклучоци беа поднесени минатиот пат да работиме по нив. Јас не мислам дека има некои големи отстапувања, повелете.

**Силвана Бонева**:

Почитувани колеги членови на Националниот совет за евроинтеграции, најпрвин да му посакам добредојде и успешна работа со сите нас  на претставникот на Еврејската заедница на Република Македонија. Во текот на вчерашниот ден Комисијата за европски  прашања се обиде максимално да направи консензус за едно толку важно прашање како што е Извештајот на Европската комисија. Но сега гледам го немаме земено во предвид, барем јас ја немам во  вид интервенцијата на колегата Кенан Хасипи, на професорот Мирчев. Се трудевме во голем дел

забелешките на госпоѓа Тања Хафнер се внесени во заклучоците на Комисијата за европски прашања. Меѓутоа не се разликуваат ни едните ни другите, па бидејќи тука се луѓето кои што не се членови на Националниот совет за евроинтеграции, а ги имаат забелешките на сите кои што се претставници на граѓанскиот сектор и другите. Ако сакате ќе работиме по заклучоците што се пред сите нас повеќе време, со сите забелешки од сите да видиме дали се прифатливи и мислам дека можеме да го усогласиме овој документ и да го донесеме без оглед на тоа што речиси идентичен е текстот на Комисијата за европски прашања. Но, бидејќи забелешки кои што не се внесени од професорот Мирчев, од господинот Кенан Хасипи, за мене лично и едните и другите се прифатливи, можеме да одиме на текстот на заклучоците на Националниот совет за евроинтеграции, да не губиме време бидејќи се речиси идентични и можеме да, еве за мене се прифатливи до колку нема други забелешки. Мислам дека и заклучоците и предлозите на Граѓанската платформа на Македонија се прифатливи, за мене заклучоците на Националниот совет за евроинтеграции се сублимираат на се она што е дискутирано до сега во Парламентот.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам.

Следен за збор е господинот Антонијо Милошоски, повелете.

**Антонио Милошоски**:

Благодарам за можноста.

Јас ќе го истакнам она што колешката Силвана Бонева го истакна. Мислам дека имаме добра основа за заклучоци. Овие амандмани кои се предложени се соодветни, се вклопуваат во овој текст. Имам само една мала техничка исправка која е можеби ненамерен пропуст на предлогот на професорот Димитар Мирчев за дополнување на ставот 4 од точката 4. Во ред, тогаш ќе ја кажам кога ќе дојде на ред. Но мислам дека е добро да се изјасниме сите како присутни тука или како пратенички групи преставници на граѓанските, стопанските и верските заедници и можеме да ги усвоиме според мене. Благодарам.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам.

Јас предлагам сега да одиме точка по точка за да не водиме општа дискусија, туку да носиме заклучок по заклучок.

Кај заклучокот број еден имаме еден предлог од преставникот на Кабинетот на претседателот господинот Мирчев, кој што е повеќе стилски, меѓутоа јас сепак би предложила тука да останеме на постоечкиот текст, заради тоа што во суштина не е баш точен предлогот. Предлогот на господинот Мирчев е "Националниот совет за евроинтеграции го поздравува петтиот извештај по ред", ова не е петти извештај по

ред, многу повеќе извештаи имаме. мислам дека ставот 1 е сосема јасен Националниот совет за евроинтеграции ја поздравува петтата препорака по ред на Европската комисија за почетокот на пристапни преговори за членство на Република Македонија во Унијата, а дури во вториот став велиме оценките и коментарите содржани во Извештајот. Така што јас предлагам на заклучокот еден да останеме на текстот така како што е предложен. Имаме согласност? Благодарам.

Одиме на точка 2. Има предлог од професорот Мирчев, за континуитет на превземените реформи, со цел за поефективно усогласување на внатрешниот поредок на државата со оној на Унијата.

Јас немам проблем, се комплицира реченицава, ама не мислам дека нешто е, да кажете. Мене ова ми е, “со цел за поефективно да“, затоа што јас мислам, кога ќе кажеме со цел воведување на европските стандарди, добро ние можеме да прифатиме и да, не, не, не. Можеме нов предлог да дадеме, така што заклучоците се на Советот. Усогласување не е македонски збор, ајде јас предлагам сепак ова да го прифатиме, бидејќи, усогласување е на правниот, тој вели внатрешниот поредок, пошироко, не е само.

Третиот заклучок е во ред, нема предлози за измени.

Четвртиот заклучок, имаме измена на ставот 2, мислам дека зборот “евентуално непостапување“ соодветствува, не е проблем. И зборот “тешкотии“ мислам дека е прифатлив, јас не би го дуплирала процесот на проширување на Европската унија, бидејќи ние во продолжение на реченицата кажуваме “истовремено за да биде ова прашање и кредибилитетот на пристапниот процес“. Така што јас предлагам тука двете измени први да ги прифатиме, а третата да не се прифати.

Има уште еден став кој што се додава со предлогот на господинот Мирчев, кој јас искрено речено сакав да биде тука, не го разбирам сосема, бидејќи Спогодбата за стабилизација и асоцијација да ја врземе со пресудата на Меѓународниот суд, јас барем не го разбирам тоа.

**Антонио Милошоски:**

Може да се префрли на друго место и кога би го префрлиле тоа, треба да внимаваме на година, пресудата е од 2011 година, но, може да....

**Кенан Хасипи:**

Тоа во петка кај мене, јас не сакав да го оптеретувам текстот, а мислев на тие две работи.

**Антонио Милошоски:**

Да, може да се префрли, да се спои, во меѓувреме додека одите по другите ставови, јас и колегата Кенан Хасипи ќе го вклопиме во ставот број 5.

**Радмила Шекеринска:**

Јас вака предлагам. Бидејќи времените спогодби, пресудите се третирани во предлогот на господинот Кенан Хасипи, овде да не ја прифатиме оваа измена.

**Кенан Хасипи:**

Колешке, тоа треба да го потенцираме, ако исто мислиме, бидејќи јас без да го оптеретам текстот со едни меѓународни правни документи, а можеме да конкретизираме, значи за Спогодбата и за Одлуката на Судот во Хаг.

**Радмила Шекеринска:**

Да може, меѓутоа, она што мислам дека е во овој предлог спорно, дека Спогодбата за стабилизација и асоцијација ја врзуваме, а таа не е никаков основ. Затоа јас предлагам, значи овој предлог на господинот Мирчев да не го прифатиме.

**Илија Димовски:**

Да, се обидуваме цело време, мислам дека пресудата на Меѓународниот суд на правдата во Хаг е исклучително значаен документ за Република Македонија и јас би инсистирал да најде дел во овие забелешки, во овие заклучоци, со оглед на тоа дека овие заклучоци ќе ги погледнат и во Европската Унија, мислам дека е сосема легитимно ние како суверен орган, како Собрание на Република Македонија, да се повикаме на таа Одлука, без никакво чувство дека на некого му приредуваме нелагодности, заради тоа што таа пресуда е на Меѓународен највисок суд. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам. Тогаш ставот, заклучокот 4 останува таков каков што е. Одиме на ставот 5, има само мал додаток во меѓусебниот спор. Не, ама тоа е само додаток, јас не ги гледам разликите во меѓусебниот спор, мислам дека е прифатливо од повеќе стилски.

И одиме сега, сега сме на заклучок 5, став 2, каде што го имаме предлогот на Кенан Хасипи, прашањето е сега, дали освен почитување на меѓународните правни документи од страна на Република Грција, дека тука можеме да видиме, како и пресудата, значи почитувањето на меѓународните...

**Кенан Хасипи:**

И тоа е правен документ и пресудата.

**Радмила Шекеринска:**

Не, не е правен документ. Мислам тоа е судска одлука. Мислам дека е разлика, треба да направиме дистинкција од спогодба и од одлука.

**Кенан Хасипи:**

Тогаш вака. Почитувањето на Привремената Спогодба помеѓу Република Македонија и Република Грција и Пресудата на Меѓународниот суд на правдата во Хаг. Дали би се сложиле со ваква формулација.

**Илија Димовски:**

Јас би имал забелешка, би предложил почитувањето да не биде само од страна на Република Грција, туку и од Европската Унија. Значи да се додадат и од Република Грција и од Европската Унија.

**Кенан Хасипи:**

Ама штом Грција тоа го прифати, Европската Унија веќе нема....

**Илија Димовски:**

Добро, но ние имаме реален проблем, мислам дека воопшто не би било проблем да се стави, затоа што ние бараме да се почитува меѓународната пресуда од Европската Унија, а Грција е само една членка од 27, колку се сега, не е ни битно. Да, но постапува по меѓународните правила. Како сакате, јас мислам дека треба да се стави.

**Кенан Хасипи:**

Да остане таква формулацијата. Значи, Привремената Спогодба помеѓу Република Македонија и Република Грција и Пресудата на Меѓународниот суд за правдата од Хаг.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам, тогаш точка 5, заклучок 5 е апсолвиран, заклучокот 6 нема предлози за измена, заклучокот 7 уште претходно кажавме предлогот на Граѓанската платформа на Македонија дека е прифатлив. Па во оваа, тогаш ние им ја дадовме чисто да земат предвид, ама сега така како што нам ни ја давате.

**Тања Хафнер Адеми:**

Може, затоа што таму е променета. Прво фала на претседателот на Комисијата за европски прашања, што го зема предлогот кој што јас го дадов во име на Граѓанската платформа, во делот за развој на граѓанското општество. Да, јас би сакала ако може да остане формулацијата која што е во предлогот, во заклучоците од нашиот Совет, бидејќи овозможува на околината за развој на граѓанското општество, барем за тие кои што се бават со оваа околина, тоа е термин стручен, кој што треба да се користи и го користи Европската комисија, а создава подобра атмосфера за функционирање на граѓанските организации. Како што е формулирано во КЕП, не содејствува со тој термин на англиски. Така да, ако е прифатливо, јас би предложила да не ги земеме формулациите од КЕП, туку формулациите кои што ги дадов за Советот.

**Радмила Шекеринска:**

Како што почнавме така и тераме по предлозите наши, така што мислам дека е така како што е напишано, така го прифаќаме, точка заклучок 7. Во заклучоците 8, 9 и 10 нема промени, во заклучокот 11 заедно со регионалните иницијативи, вметната е и Централно Европската иницијатива, иако јас не знам колку сега Централно европската иницијатива е активна и колку Македонија има нешто во поглед на ЦЕИ. Долго време таа беше важен елемент и во нашата регионална соработка, меѓутоа, сега веќе некако фокусот е изместен.

**Антонио Милошоски:**

Има некои активности, мислам нема да биде проблематично ако се спомене.

**Радмила Шекеринска:**

Добро, од плус не боли глава. Добро ќе го прифатиме па ако евентуално има некои , ќе провериме и со нашиот Оддел за меѓународна соработка.

Имаме уште заклучоци кои што ни беа поднесени од ДПА, само предлагачот колку што гледам го нема. Заклучоците можете да ги видите, ги имаат и членовите, поднесени се, сепак мислам дека тешко е да се вградат овие предлог заклучоци во заклучоците на Националниот совет, заради тоа што малку отстапуваат и тешко дека околу нив ќе постигнеме консензус. Иако, да бидам искрена, вакви формулации претпоставувам, претставниците, различните пратеници повеќе би сакале да ги видат во заклучоци, мислам, сакам да кажам исклучивоста, сите ние имаме политички ставови, но тешко е врз база на тие политички ставови да се донесат заеднички предлог заклучоци. Така што бидејќи нема членови, отворам дискусија, но претпоставувам дека нема да има некоја поддршка, повелете Пешев.

**Антони Пешев:**

Некои од овие заклучоци можеби заслужуваат и дебата, меѓутоа, мислам дека ад хок доставени, пред донесување на заклучоци, после позитивниот Извештај на Комисијата, би биле контрапродуктивни и не допринесуваат на вкупниот тон и мислам прилично високото ниво на кооперативност во овој момент. Меѓутоа, претседателке нотирајте некои од овие извештаи кои задираат, можеби посуштествено во идните евентуални оценки. Би сакал сепак, да ги информирате дека се разгледани заклучоците и дека некои ставови би можеле да бидат разгледани на една од наредните седници, а по цена, дека по осум членски начин. Затоа што, на крај кажете, дека не ги правиме сите овие заклучоци заради Европската Унија, туку ги правиме заради нас самите. Па би било добро да поразговараме со нив конкретно на темата, јас конкретно со некои не се согласувам од овдека, па би дебатирал, конкретно контра нив. Но денеска не е време да се дебатира на таа тема и не се во духот на она што го правиме. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам. Да бидеме до крај чесни, значи, факт е дека предлог заклучоците беа доставени, практично на самата седница претходна на Националниот совет. Значи, не е дека се во последен момент. И од формален аспект и од процедурален аспект, имаат право да бидат и разгледувани ако се согласиме, и да бидат усвоени. Во право сте, јас кога ќе ги прочитам сите овие заклучоци со некои од нив и јас би се согласила, но, знам дека тешко за нив ќе постигнеме консензус на Националниот совет, а тука одлучуваме со консензус. Еден дел од дискусиите веќе се водеа, кога дискутиравме по Извештајот, на пример, факт е дека темата која што се отвора со заклучокот 6, рекламирањето по медиумите е проблем кој неколку пати и Комисијата Европска го споменува, меѓутоа, и внатре во Македонија е тема на која што дебатираме жестоко. Дека ситуацијата е вознемирувачка во поглед на слободата на изразување, и јас се согласувам. Но, убедена сум дека во тој дух тешко ќе ни биде да носиме заклучоци. Темата која што заслужува внимание и која еднаш не ја дискутирале на Националниот совет, тоа е прашањето околу јавната администрација и околу, не само бројките на јавната администрација, туку и влијанието на политиката во вработувањето. Така што има заклучоци околу кои би воделе интересна дискусија и, жалам што колегата член, или заменик член од ДПА, не е тука како предлагач на ваквите заклучоци. И заради тоа реков дека тоа е еден од хендикепите, а инаку да бидам искрена, предлог заклучоците се доставија во процедура, меѓутоа, и беа доставени ми се чини до сите вас по меил, но, проблемот е ваков. Повелете.

**Антони Пешев:**

Значи, секогаш ад хок одбивањето на предлог заклучоци, остава лош впечаток дека само заради тоа што човекот не бил тука, не е дебатирано околу нив. Ве молам да заклучите дека се земени во обзир и со обзир на тоа дека за нив немало можност да се постигне консензус помеѓу членовите, во овои наши заклучоци не се евидентирани, инаку во спротивно ќе бидеме убедени дека за нив не сме разговарале. Ние би сакале да разговараме и да дебатираме, со обзир на тоа дека отвораат многу теми, не можеме вака да ги, ако предлагачот не е присутен и да поразговараме и да дебатираме на таа тема. Затоа биле разгледани и ќе ги замолиме за таа работа, за прашањата за кои мислат дека треба да бидат разговарани, може да бидат поставени на дневен ред.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам, јас дури....повелете господине.

**Кенан Хасипи:**

Благодарам претседателке, јас ги видов предлог заклучоците. Прво, не се назначува по која точка, каде, како што треба да се измени, туку, како еден комплет од предлог заклучоци од нивна страна. Меѓутоа, мислам дека, ако не се лажам дека прв пат во предлог препораките нема да биде споменат Рамковниот договор од Охрид, во сите досегашни имајќи во предвид дека тој Договор постојано се потенцира од страна на Европската комисија, не би било лошо една формулација за Рамковниот договор да вметнеме во нашите предлог заклучоци. Или јас не сум приметил, или навистина воопшто не се ни спомнува, а еден од столбовите , кои се базираат се извештаите на Европската комисија и од кои зависат добрите меѓу етнички односи во државата. Да формулираме една формулација за Охридскиот рамковен договор и, мислам дека на тој начин би ги комплетирале заклучоците. Тоа е мое мислење, не знам колку е прифатливо, благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Повелете.

**Сузана Салиу:**

Благодарам. Поздрав почитувана претседателке, почитувани присутни, јас сум нов член на овој Совет и малку се чувствувам хендикепирана, бидејќи не сум во тек со методологијата, како се усвојуваат одлуки, како носиме одлуки но како и да е. Му благодарам на колегата Кенан Хасипи, кој што го отвори прашањето да се вклучи во заклучоците и Рамковниот Договор, бидејќи истиот е многу важен документ кој се случи во Република Македонија, по Уставот на Република Македонија 1991 година,

вториот документ по важност е Охридскиот договор во Македонија. Се согласувам тука со колегата дека, не треба да се игнорираат до крај заклучоците на Пратеничката група на Демократската партија на Албанците. Има простор, барем првиот заклучок предложен, кој што се однесува на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, да изнајдеме дефиниција  Рамковниот договор да се вметне во заклучоците, бидејќи за Охридски Рамковен Договор во Извештајот за напредокот, има сериозни забелешки и се вели дека , иако Охридскиот договор.....(има прекин во снимањето)..

Значи му се придружувам на колегата до мене, кој што кажа дека не треба да се игнорираат предлозите на ДПА.  Добро би постапиле барем првиот заклучок што се однесува на Охридскиот договор, да постигнеме да го дефинираме на начин на кој што  документот на Охридскиот договор, спроведувањето на истиот договор, да се вметне во предложените заклучоци на овој Совет, бидејќи, во Извештајот за напредокот од Европската комисија има сериозни забелешки за спроведување, односно, не спроведување на Охридскиот договор. Според мене сериозна е забелешката дека и тоа што недостасува надзорен орган за спроведување на албанскиот јазик во државните институции, сериозно е и прашањето за употреба на знамето, како и јазикот. И доколку ние постигнеме тука да оствариме дефиниција за вклучување на Охридскиот договор, мислам дека ќе ги опфатиме сите заклучоци, 1,2 и 3, кои што се однесуваат на Албанците во Република Македонија. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Ви благодарам на предлогот, јас уште, само да дадам еден предлог, па потоа ќе продолжиме. Врз база на ова што го кажа господинот Пешев, уште еднаш малку ги гледав заклучоците  предложени од ДПА. Јас предлагам, земајќи предвид еве важно е да се спомене и Охридскиот Рамковен договор, предлагам, всушност, да искористиме нешто од заклучоците кои што ги усогласи Комисијата за европски прашања, затоа што ако видите во заклучоците наши, некако не се влегува во конкретните области.

Сега бидејќи имаме баш страв да не преговараме 10 дена само за заклучоците, бидејќи имаме усогласени заклучоци од Комисијата, јас предлагам на соодветно место, ќе се договориме подоцна кое е, да ги прифатиме точките 8, 9, 10 и 11 и во тој случај ќе имаме неколку области каде што се спомената во предлозите еве на ДПА, на пример, делот на медумите, меѓутоа на еден начин кој што за сите ќе биде поприфатлив и со кој што ќе можат сите да живеат.

Значи, го спомнуваме Охридскиот договор, спомнуваме подобрување на состојбите во медиумите, промена на изборната регулатива и особено внимание на кои области Македонија треба да се посвети. Така што мислам дека на тој начин ќе покажеме и дека сме одговориле на предлозите.

Мојот предлог е навистина, ако веќе влегуваме во област, а очигледно е дека постои потреба за тоа, тогаш, сите ние ќе имаме одредени политички позиции од кои не се бега. Спомнувам закучоци за кои веќе сите овие политички партии, присутни на масава, гласале и се договориле, така што не е нешто, што е спорно. И заради тоа. ..

**Илија Димовски:**

Се извинувам, оптеретуваме заклучоци кои што имаат реално малце повисок степен на усогласеност и кои што имаат и повисок стил и имаат пошироко значаен аспект, да не се повторувам на тоа дека тука консензуално настапуваме, но имаме и повеќе сегменти од општеството кои што не се политички партии, кои што не можеме да ги доведеме во ситуација да бидат политички партии, пак ќе кажам со должна почит на работата на Комисијата за европски прашања, мислам дека и тие залучоци ќе си бидат предмет на разгледување на Собранието и тие ќе си бидат предмет на разгледување. И овие од Националниот совет ќе бидат предмет за разгледување, така да не би имало никаква потреба за прекопирање, внесување, или копи пејст. За нас е прифатливо околу Охридски рамковен договор со оглед на укажувањата од неколку членови на комисијата, секако не така како што е предложено од ДПА, заради тоа што според нас има прекршување на Охридски рамковен договор, ама во обратен правец. Да речеме малите заедници не се опфатени во неколку градови каде што Македонците се малцинство, загрозени им се основните права, но во принцип, треба да видиме па што е формулација усогласена за сите, и мислам дека тука некаде, би требале да привршиме со заклучоците заради тоа што смислата како што се поставени, како што беа предложени, јас уште пред да почнеме длабоко да расраваме по заклучоците, ја пофалив заради тоа што навистина имаше еден контекст кој што ги опфаќа сите сегменти од потреба. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам. Гордан Георгиев, Сузана Салиу и Пешев.

**Гордан Георгиев:**

Гледам дека разговараме со релативно висок дух на консензуалност, тука не се работи кој го поддржува предлогот, не како што вели Димовски, да се прекопираат заклучоците, туку да се интегрираат од Комисијата за европски прашања. Ние тука со претседателот Хајрула Мисини вчера и покрај тоа што на Комисијата се гласа, или се надгласува, а тука се донесува со консензус, ние со консензус и колешката Бонева знае, беше, ги донесовме, ги изгласавме заеднички сите заклучоци и сега да не кажуваме во која комисија што се направило, мислам дека тие се закучоци кои што се поддржани од сите политички партии во Парламентот и тие се релевантни заклучоци и не се страшни, не се спорни, покрај тој за Охридскиот договор, едниот заклучок е дека мора да се продолжи дијалогот меѓу медиумите и Владата, ќе се согласите колеги дека тоа е клучна работа во оваа држава, столбот на демократијата

се медиумите и тој дијалог мора да продолжи. Бидејќи ако згасне, ќе згасне ми се чини сè. И заклучокот број 11, овде 10, е околу споредувањето на локалните избори, каде што се укажува потребата за дистинкција меѓу државните и партиските активности со оглед на подобрување на изборното законодавство и тоа повторно сега да не ги сметаме тие теми за табу. Тоа се теми кои што нас не исклучуваат во Република Македонија и треба да се трудиме пред сè владеачкото мнозинство, со наша поддршка, се разбира тука, да ги подобриме тие области, а не да ги криеме под тепих што се вели. И за тоа ние вчера и благодарност на пратениците од ВМРО ДПМНЕ со висок консензус ги изгласавме заклучоците. Ако веќе влегуваме во теми дел по дел, беше начната темата Охридски договор, тогаш, сметам дека нема никаков проблем, напротив, ќе го засили консензуалнот пристап ако ги вметнеме и овие други заклучоци.  Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

**Сузана Салиу:**

Благодарам почитувана претседателке.

Повторно ќе го истакнам фактот дека малку се чувствувам хендикепирана во однос на работата на овој совет, бидејќи не сум била во тек и при разгледувањето на Извештајот за напредокот на Македонија во овој совет. Повеќе ќе зборувам како лаично, односно како член на оваа комисија, односно во овој совет кој што ги разгледува овие предлог заклучоци сега. Се консултирам со точка 8 од заклучоците, предложени од Комисијата за евроинтеграции. Во ред е со точката 8, мислам дека е премногу генерално. Нема некој задолжителен крактер. Нема да сметам дека е лошо доколку вие не прифатите. Јас би предложила, не знам дали е во ред или не, но заклучоците во однос на Охридскиот договор во Република Македонија да се одржи меѓународна конференција во која што ќе се анализираат сите активности на тоа што се нарекуваат спроведување на Охридскиот договор, не знам колку е рационално, не знам дали имам право да предложам, или не. Реков ништо повеќе, туку само ќе предложам во Република Македонија имаме потреба за меѓународна конференција во која што ќе се разгледуваат и анализираат сите активности и елементи што се нарекуваат Охридски договор. Благодарам.

**Антони Пешев:**

Јас сум виновен што отворив ваква дискусија, меѓутоа факт е дека секој напор од секој политички субјект треба да биде внимателно разгледан, за да не биде третирано дека заради тоа што не бил некој присутен, особено пишаните документи не биле разгледувани. Мислам дека високо го почитувам тоа што кажавте дека Комисијата за евроинтеграции при Собранието, со консензус ги донело овие заклучоци. Јас сега ги видов, претходно ги немав видено никаде. За мене вашиот

предлог 8, 9, 10, 11, воопшто не е таков да не кореспондира и за тоа се постигна договор, со обзир на тоа дека сите тие четири точки беа споменати и од неколку европарламентарци на прославата на пан европската, нашето членство во Европската унија, и мислам дека сите тие би било чудно да ние не ги вградиме, ако за ова се постигне договор. Јас го поддржувам вашиот став да бидат вградени во заклучоците, со обзир да не правиме повторно усогласување на текестовите. Се извинувам навистина е малку комплицирано да сега да се прави поднесување на текстовите. И за тоа мислам дека би било добро и ако за ова е постигнат договор, јас како надворешен член во потполност мислам дека се прифатливи формулациите што се ставени таму и се во духот на она што беше кажано.

**Антонио Милошоски:**

Јас ќе бидам краток и оние кои што доставуваат предлог зкалучоци или амандмани, нормално тоа треба да се цени како ангажман, но и присуството или не присуството на Советот од страна на неговите членови и тоа е одредена порака за важноста на овој совет и за закучоците кои што сакаме да ги донесеме. Се согласувам со ставот на претседателот на овој совет, госпоѓата Шекеринска дека заклучоците не треба да влегуваат во посебни области, за тоа што така се зголемува ризикот да не постигнеме минимален консензус. Но, имам едно различно мислење, а тоа е дека споменувањето на важноста на Охридскиот договор, не треба да го сметаме како посебна област, бидејќи тоа е веќе дел од поредокот пропишан со Уставот на Република Македонија. И, мислам дека еден став, посветен на оваа тема, како иницијатор беше колегата Кенан Хасипи, би можеле да му дадеме можност да го формулира и да останеме на тој став, без да навлегуваме во други области кои што се важни. Ги дискутираме, не се табу теми, но се сомневам, ако почнеме да одиме по сите точки од Комисијата за европски прашања и заклучоците и во посебни области дека нема да го постигнеме она што до пред неколку минути беше постигнато, а тоа е да дојдеме до заеднички заклучоци за една тема како што е извештајот со висок консензус. Благодарам.

**Илија Димовски:**

Јас сега се обидов додека траеше расправата да ги погледнам заклучоците од Комисијата за европски прашања и тука не само овие три четири кои ги кажавте, 8, 9, 10, 11, така, тука има и многу други заклучоци кои што апсолутно, нема никаква дилема и може да се вклопат на прашањето и дали сето тоа е така. На пример вие велите 8, 9, 10, 11, многу прерипуваме при заклучокот број 7 каде што вели имплементација на мартовскиот договор, прва работа која што ни ја кажаа сите е политичкиот дијалог. Друго сакам да ви потенцирам. Јас во таа смисла мислам дека вака заокружувајќи еден, два, три, четири, пет, шест, седум, осум, девет од заклучоците на Комисијата, по вашата логика би ги внесол во заклучоците на Националниот совет, но не мислам дека тоа е правилниот начин заради тоа што пак

навлегувајќи во областа, дозволете, но за нас, како политичари и како политичка партија многу значајни се сегментите на активностите на Република Македонија во областа на земјоделието, во областа на здравството и во областа на образованието кои што имаат засебни глави во извештајот, но ние во заклучоците со ништо не сме ги спомнале. И ако навлегуваме во таа проблематика искрено ќе инсистираме на посебни заклучоци ќе се однесуваат и овие проблематики заради тоа што огромно внимание како владеачко мнозинство посветуваме на овие три области, огромни процеси се спроведени во овие неколку години, огромни инвестиции се направени, во тие области и на крај на краиштата овие три области се работи кои што исто така се на врвот на приоритетите на Европската унија. Не е нешто што ние би наметнале и од тој аспект, не велам дека можеби пристапот на ширење на заклучоците не е добар, но ве молам, ако влеземе во тој процес, бидете спремни дека многу подлабоко треба да се внесеме и би добиле заклучоци кои што би изгледале најмалку дупло повеќе од тоа што сега го имаме како генерално усогласен став.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам. Дозволете ми и јас да кажам неколку работи.

Значи, прво факт е дека во првите изготвени заклкучоци сметав дека полесно ќе стигнеме до компромис, ако останеме на ниво на поопшти места, плашејќи се дека и земајќи во предвид какви се предлози имаме дека никогаш нема да ги усогласиме заклучоците. Меѓутоа во ситуација кога видов дека Комисијата постигнала консензуална согласност за одреден број на важни заклучоци, мислам дека не можеме да влеземе во ситуација да си ги бираме кој повеќе или помалку ни се допаѓаат. И, факт е дека Охридскиот договор е важен и факт е дека дел од Уставот од 2001 година, меѓутоа факт е дека слободата за изразување е дел од нашиот Устав од првиот Устав. И не треба да ги мериме, тие се подеднакво важни. Она што мислам дека е неопходно, не само бидејќи се отвори Охридскиот договор, туку бидејќи се отвори генерална дискусија, дали на овие теми да посветиме повеќе внимание, да бидеме чесни кон јавноста и кон себе си. Значи никој во дискусијата не кажа дека има проблем со формулациите. Можеби јас би сакала за медиумите јазикот да биде многу по јасен, многу поцврст и многу покритичен. Меѓутоа свесни сме дека треба да најдеме формулација која сите ќе ја прифатат, но да не го прескокнуваме прашањето, затоа што тоа е болно и важно. Ова се прашањата кои што се издвоени и во сите коментари, и во коментари на претставниците на Европската унија и во сите коментари кои ги читаме во извештајот. И апсолутно сте во право, и заклучок број 7 е на линија на тоа и сум подготвена и јас зборувам во име и на колегите и тој да го вметнеме.Можеме да направиме и следно: можеме и сите прашања кои што се однесуваат на внатрешните состојби, да ги сместиме како еден заклучок во нашите заклучоци. Еве да не шириме многу. Меѓутоа, јас барем ќе кажам за мене, а истото го слушнав и од Георгиев, ако веќе носиме заклучоци, и ако бегаме од закучоците на Комисијата за европски прашања, мислам дека затварајќи едно

прашање, отвараме 10 нови. Дајте да не си создаваме да не си пукаме во нога и како држава и како Собрание. Предлагам и мислам дека е тоа чесен компромис, овие и предлогот кој што доаѓа еве и од страна на претставник од владеачкото мнозинство од 7 до 11 сите да ги вметнеме. Веќе околу нив е постигната согласност. Нашето продолжено дебатирање покажува дека сега имаме дилеми околу ваквите формулации, а вчера сме се усогласиле. Значи, она што мислам дека е важно низ дискусија да дојдеме до подобри заклучоци, она што е важно да знаеме дека денеска немаме многу опција, а богами немаме и многу време. Седницата само што не е почната. Пленарна. Или ќе имаме заклучоци кои се консензуални, мислам дека тука сме, сите ни се на маса, веќе еднаш усогалсени. Или, нема да постигнеме согласност и мислам дека тоа е апсолутно лошо. И, за тоа предлагам, сепак еве, секој оној кој што смета дека имаме усогласен текст, да не ги цитираме со нови текстови, јас не излегувам со нов текст, тешко е тоа да се постигне во 5 до 12, согласност околу нешто ново. Меѓутоа она што веќе барем во овој состав е усогласено, а гледаме дека се усогласени, тие се тие 5 заклучоци, да ги ставиме во текстот на нашите заклучоци, не мора точка по точка издвоено, туку во еден заеднички заклучок, со повеќе става и тие да се однесуваат на прашањата околу кои и ние сме свесни и Европската унија тоа ни го кажува се сметаат за приоритет. Благодарам.

**Илија Димовски:**

Да не се разбереме погрешно. Јас пак ќе кажам ја почитувам работата на Комисијата за европски прашања. Ние усогласени како посебен орган, кој што има малку поголемо и сеопфатно значење, усогласени сме со овој текст кој што вие ни го предложивте. Околу овие прашања дилема е дали треба да навлегуваме или да не навлегуваме. Јас не знам, но имаше години кога и други работни тела на Собранието, Комисија за здавство, Комисија за образование, го разгледуваше извештајот, но дајте да ги погледнеме тогаш и тие заклучоци. И тоа е проблем. Така да ширењето малце на работата ја усложнува. Ние имаме 100% согласност за заклучоците кои што вие ги поделивте и вие ги менаџиравте. И јас ве пофалив на самиот почеток на денешната седница без да ја започнеме или да ја чепнеме било како оваа расправа. Јас предупредувам дека навлегувањето по овој принцип, по кој што терате, ќе значи многу работи. Не можеме тоа што вие го рековте јас ќе го поздравам. Не можеме, ова не е супермаркет па ќе си бираме кои ни се свиѓаат од заклучоците на Европската комисија, кои ни се свиѓаат, кои не. Зошто, првичната селекција ја направивте вие. Јас ви посочив дека немојте така луѓе во заклучоците од Комисијата за европски прашања, има 10 други, заклучоци кои што не ги спомнавте, но се значајни од свој аспект, а не се детално разработени во закучоците на Националниот совет, заради тоа што Националниот совет е тело кое што има една структура, еден начин на работа, едно постапување, едно формирање, а Комисијата е сосема друго. Впрочем, ако треба да бидат идентични, тогаш се

доведува во прашање или постоењето на Комисијата за Европски прашања или Националниот совет за евроинтеграции, така. Ако треба да биде истиот материјал.

И на крај на краиштата ви инсистирав дека дури и во таа форма, има најмалку три области кој што за нас ангажирани луѓе во политичкиот живот се многу значајни, ви ги набројав, земјоделие, образование и здравство за кој што посветуваме многу внимание, за кои што има огромни сегменти во работењето на Европската унија за која што има огромни делови во извештајот на Европската унија, која што секоја година бегло ги поменуваме, а всушност се најбитни за секојдневното живеење на граѓаните на Република Македонија.

Сите овие фромулации политички, во секојдневното живеење на граѓаните имаат помало значење отколку овие области. Затоа, ние не багаме од тоа да навлегуваме длабоко во сите работи, вклучително и Охридски рамковен договор и медиуми и сите прашања кои што се поврзани, тука е и мартовскиот договор и дијалогот кој што се случува во Собранието, односно не се случува во моментот, но тука предупредувам дека ќе траба многу повеќе внимание, многу подлабоко да навлеземе во работи кои што не се опфатени до сега. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Инаку, пред да му дадам на господинот Пешев збор, само да констатирам.

Дискутиравме околу предложените заклучоци и почна процес на предлози што да се додаде на заклучоците и колку што се сеќавам вие поддржавте вклучување на заклучок околу Охридскиот договор, значи апсолутно не треба да се доведуваат во прашање процесот дека сега е отворена масата и може да се даваат нови предлози.

Втора работа. Сите оние пратеници, политички партии кои што сметаме дека на одредена тама треба да има заклучок, тоа требале да го побараат од своите членови на Комисиите. Јас колку што знам, одреден број на комисии одржаа состаноци и немаа заклучоци, но одржаа состаноци, ако некој имал предлог и да стои нешто и за замјоделие, што јас мислам дека ќе беше одлично на пример, да констатираме дека 8 милиони евра македонските земјоделци изгубија заради лоша администрација. Мислам дека треба негдека да го констатираме, ама никој до сега тоа не го предложи. Сметав дека еве формулацијата со која што јас излегувам дефинитивно нема да биде консензуално подржани. Затоа дајте да не покажеме со конкретен пример дека и кога ќе се договориме за нешто после имаме дилеми дали стоиме зад таквите формулации.

Предлозите сите кои што денеска се дадени како предлог, се реченици кои веќе се усогласени и уживаат широко партиска поддршка. Можеби колегите ДПА би можеле да се побунат, ако не се лажам, тие не беа присутни ни на крај на комисијата. Тие би можеле да кажат дека тие не даваат поддршка, но сите ние преку нашите пратенички групи и колеги членови, сме дале поддршка.

Повелете господине Пешев.

**Антони Пешев:**

Некако испадна дека сум расипувач на забави, но искрено да кажам, не ми беше целта тоа. Првенствено ми беше целта да не ставаме под маса, тоа што е отворено како дебата. Мислам дека апсолутно не ми беше целта да воведуваме детали околу нашите внатрешно политички односи и ако комисијата констатирала некое ниво со консензус и ниво на состојби, го поддржувам. Јас дури и би се согласил дека можеме да имеме став дека ги поддржуваме заклучоците постигнати помеѓу политичките партии во Комисијата за европски прашања, разбирате. Ако сме тело кое е над тоа тело, тогаш можеме да кажеме еден став дека во потполност ги подржуваме консензуално донесените одлуки на Комисијата за евроинтеграции при Собранието на Република Македонија и пријатно. На тој начин сите овие стануваат консензуален дел на наши заклучоци и да ја прекинеме дебатата. Заради тоа што чувствувам дека лицитирањето околу внесувањето на член 1, член 2, член 3, ние ако сме над комисиски орган кој треба да предложи на Собранието нешто, тогаш да кажеме дека, со полн респект ја почитуваме консензуалната одлука донесена на Комисијата за евроинтеграции при Собранието на Република Македонија и го поддржуваме таквиот тип на соработка, и готово, еден член, мал. Тогаш нема да дебатираме ниту за еден заклучок, туку го имаме во интегрална форма, заклучени и донесени од Комисијата. Така нема да се дебатира за нив, стануваат составен дел на нашите заклучоци и со тоа го рашаваме проблемот, а таму се отворени многу.

Што се однесува до прашањата кои вие ги говорите заради нив ги имаме и позитивна оценка, према тоа, не сакам да го спорам тој елемент и за да не лицитирам за таа работа, немаше да бидат позитивни за тоа што Вие говорите дека треба да се истакне и за тоа имаме и позитивна оценка од Комисијата. Затоа мислам дека не сакам да го потценам тоа, туку само сакам да кажам дека кога еднаш е нешто постигнато помеѓу партиите како консензус, треба да биде нотирано како такво.

Јас само сакав да биде нотирано дека сме ги разгледале предлозите на Демократскста Партија на Албанците во Македонија како нивни пишан предлог, констатирано е дека не се конципирани како реални заклучоци со оглед на тоа дека требаше да бидат на членови, на делови на општите заклучоци и дека разговарајќи на тие теми, заклучивме дека треба во некоја од наредните состаноци, некоја од нив да бидат отворени на овој комитет. Толку, јас само побарав да биде тоа нотирано. Инаку, нема врска, јас се сложувам со сите заклучоци и не сакам ничии ангажаман да биде потценет. Се внимава овдека на секој збор, према тоа прифаќам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам. Господинот Гордан Георгиев, повелете.

**Гордан Георгиев:**

Јас само кратко, јас само сакам да укажам и на колегите и на јавноста, веќе влезе во парадоксална ситуација овде.

За колегата Илија Димовски се обидува преку метод на прошири до крај па обезличи го тоа да не се разберат заклучоците. Мислам дека тоа не не води никаде, бидејќи која е аспурдната ситуација? Имаме Комисија за Европски прашања која што одлучува со гласање или со нагласување, со глас повеќе која што вчера со консензус, СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, ДУИ сите партии, со консензус донесоа заклучок во кој што стои дека важен е Охридскиот рамковен договор, дека важно е да се продолжи дијалогот помеѓу меидумите и Влдата, дека е важно е да се подобри изборното законодавство и да се одвои државата од партиите. Работи кои како што кажа колегата се спомнуваат отворено во очи и дека е важно што инстистирате Вие да се имплементира мартовскиот договор. Сега, таа комисија го одлучува тоа со консензус, овој совет не може тоа да го одлучи, или бараме начини како да направиме бај пас. Сега земјоделие како земјоделие, мислам смешно е тоа. Апсолутно е многу важно, дозволете да ми кажам. Почнавме да се разбираме, да не манипулираме. Апсолутно знам колку е важно земјоделието. Ова, овде збориме за Копенхаген, Копенхашки критериуми се овие и ние не може овде да се расплинвуваме на разни теми, бидејќи Македонија за да почне скрининг, ако воопшто почнува во 22 и 24 се работи за Копенхашки критериуми. Земјоделие не припаѓа таму и затоа ќе се обезличи целата дебата ако не вметнеме од секоја област. Затоа мислам да не влезе апсурд. Можеби сега, вие рековте дека сте ја искомплицирале работата што отворивте теми, не мислам така. Мислам дека вистинските теми ги отворивте. Можеби ова е поелегантно решение. Логицирам, да се прифатат сите забелешки кои што се конзуално донесени од Комисијата за европски пршања и да завршиме работа, бидејќи ќе влеземе во буквално дискрепанца помеѓу тоа што се случувало вчера, каде што и ВМРО седел и СДСМ на маса и сега што разговараме, а идејата се донесува со консензус како што на потежок начин на КЕП донесовме со консензус заклучоци. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

**Кенан Хасипи:**

Благодарам госпоѓо претседател.

Постојано неколку особи дискутираме и можеби ќе станеме веќе и досадни, меѓутоа јас инсистирав од заклучоците на КЕП да влезе само еден заклучок. Тоа е заклучокот околу Рамковниот договор од Охрид, имајќи го во предвид дека Рамковниот договор од Охрид е можеби еден од најклучните теми по кои се базира

Извештајот на Европската комисија и тоа никој не го негираше и за тоа сите консензуално се сложија. Факт е дека за другите заклучоци немаме консензуална согласност и ќе ве молам и ќе ви кажам, бидејќи ние сме Национален совет за евроинтеграции.

Јас ве уверувам да беа сите членови и дури тие кои што немаат право на глас, а сепак се членови на оваа комисија, можеби некој од нив ќе дискутираа сосема други теми или не ќе беа на линија на она што е донесено како заклучок на Европската комисија. Вие се сеќавате претседателке дека дури еднаш имавме огромна рекација од тие членови кои што велеа, зошто ние тогаш се покануваме овде кога немаме право да одлучуваме. Према тоа, кога зборувам за консензуално, донесувањето на Комисијата за европски прашања на која јас лично не сум учествувал и не учествувале многу членови од Националниот совет за евроинтеграции кои за среќа или несреќа, ете немаат право на глас, но можеле ако учествувале да допринесат во сосема поинаква формулација на заклучоците. Што сакам да кажам, дали сме согласни да го вметнеме и Охридскиот рамковен договор, јас еве сум спремен да дадам една формулација која што нема да биде копи пејст на формулацијата на Комисијата за европски прашања, во крајна линија и кон одлуките и заклучоците на Комисијата за европски прашања се веќе донесени, тие се веќе архивирани во Собранието. Во крајна линија и Собранието на пленарна седница ќе разговара за Извештајот на Европската комисија и тој Извештај, независно ние какви заклучоци ќе донесеме, Националниот совет за нас е обврзувачки. Ако веќе така инсистираме, тогаш да го земеме и копи пејст од целиот Извештај и да речеме дека тоа е одлука на Националниот совет за евроинтеграции, што не би било логично. Према тоа, нашите заклучоци не мора во целост да бидат комплементарни со или исти со заклучоците од Комисијата за европски прашања, меѓутоа и тие ќе се архивираат и нашите ќе се архивираат и на пленарната седница ќе се отвори тоа прашање. Собранието како највисоко тело ќе го донесе потребниот заклучок. Према тоа, за да го одржиме духот на консензус кој што постоел само во ова тело, кај друго не, мораме некаде да попуштиме, некаде да се усогласиме. Ако дел од членовите не се согласни да се овие четири одредби вметнат во заклучоците на Националниот совет за евроинтеграции, тогаш да се вметне заклучокот, за кој сите сме согласни околу една формулација околу Рамковниот договор од Охрид, бидејќи таа формулација фигурирала во сите досегашни извештаи. Стои и во извештајот на Европската комисија, а не е во финалните заклучоци на Националниот совет за евроинтеграции.

Јас би земал за слобода, бидејќи јас предложив да го формулирам тоа, ако се согласите, ако не, тогаш јас би го формулирал вака. Мислам дека е чесно, бидејќи се базира на заклучокот на Европската комисија. Советот ја поздравува констатацијата на Европската комисија дека треба да се заврши прегледот на Охридскиот рамковен договор што е особено важен за односите помеѓу заедниците, и меѓуетничките односи, тоа е дополнително оптеретување, тексотот односно меѓу заедниците, се

однесува на етнички заедници. Важи за односите меѓу заедниците и да се спроведат препораките од истиот како и континуираната децентрализација што ќе придонесе за стабилноста во земјата. Тоа е формулација превземена од завршниот извештај, од Извештајот на Европската комисија. Ако сте согласни ова да го усвоиме и на тој начин да ја затвориме расправата. Верувам дека и уште еден час да расправаме не ќе имаме согласност по другите точки. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Јас предлагам, повелете.

**Сузана Салиу:**

Благодарам.

Почитувана претседателке. Мислам дека губиме премногу енергија, во однос на дилемите дали да се превземе како основ и предлозите на заклучоците од Комисијата за европски прашања. На почетокот имавме предлог да се изгласаат овие заклучоци и овој предлог не се усвои. Потоа преминавме на предлозите од страна на Националниот совет за евроинтеграции, мислам дека до последната точка имавме заеднички јазик, освен точката предложена од страна на колегата Кенан Хасипи, и верувам дека не да се превземе фромулацијата од заклучоците на Комисијата, туку да се усвои така како што е предложено од господинот Кенан Хасипи. Да се заврши со целосна контрола над спроведувањето и по препорака на тоа да се спроведат, по контролата на препораката да се спроведат да биде и задолжително. Мислам дека ќе губиме време да разгледуваме предлози од една Комисија, другата комисија, бидејќи двете комисии ќе ги предложат и ќе ги достават во Собранието и на пленарна седница каде што се очекува да дискутираме за Извештајот на напредокот и сигурно ќе ги имаме во предвид и предлозите на Комисијата за европски прашања и на Националниот совет за евроинтеграции. Мислам дека треба да се земе во предвид предлогот на Кенан Хасипи и да ги изгласаме заклучоците од  Националниот совет. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам. Повелете.

**Тања Хафнер Адеми:**

Како претставник прво мене ми е многу жал што можеби нема тука колеги, претставници од совет, кој што се занимаваат од некоја од областите за кои што разговараме, за теми кои што разговараме. Можеби ќе се повторам, но сепак.

Јас сум претставник, како претставник немам право за глас, но ова е консензуална расправа. Јас не би можела да се сложам дека може да вметнеме само едно одделно прашање. Јас претставувам граѓанска организација. Граѓанските организации подеднакво се занимаваат со прашања поврзани со малцинските и сите прашања кои што ги зафаќа Охридскиот рамковен договор, но исто така поради ваквото прашање што се од областа на слобода на изразувањето, човекови права, корупција, владеење на правото. Јас мислам дека треба советот делува на основа принципи, а тешко е за мене како претставник е тешко да прифатам заклучоци, да ги одделиме, затоа што јас како претставник, кога ги претставувам, таква една диверзицирана група на организации кои што се занимаваат подеднакво со Охридски рамковен, но подеднакво можеби со пршање на слободата на изразувањето, знаејќи дека двете прашања, кога збориме конкретно за тоа, се дел од основниот поредок и подеднакви се всушност, битни, за исполнување на Копенхашкиот критериум. Мене би ми било тешко да се согласам дека може само едно од тие прашања да влезе. Можеби предлогот на господинот Пешев, е нешто што би можело сите да се сложиме, а тоа е да се стави еден став во кој што ќе се каже дека се подржуваат претставници. Јас сакам да кажам дека многу тешко е сега да лицитираме само одредени. Јас не сум против да имаме заклучок на Охридски рамковен договор, но мислам па и дека не е ни добро да ги ставаме во некоја поподредена, надредена форма другите прашање, другите теми, бидејќи тие се подеднакво важни. Подеднакво се важни за евроинтеграциите на Република Македонија.

Јас се изинувам ако комплицирам, но мислам дека не можеме да ги одвоиме тие прашања. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодарам, почитувани колеги.

Во интерес на изнаоѓање на решение кое што би било сублимат на сето она што се зборува. Сметам дека можеме да одиме со еден ваков став. Комисијата смета дека од клучна важност продолжувањето со имплементацијата на препораките поврзани со Охридскиот рамковен договор, мартовскиот политички договор, препораките на ОБСЕ и ОДИХР поврзани со промени на изборниот законик и избирачкиот список, дијалогот со медиумите и Владата, владеењето на правото, зајакнувањето на независноста на судството и борбата против корупцијата и организираниот криминал. Мислам дека тоа го покрива сето она што беше зборувано и од страна на господинот Пешев и од страна на госпоѓа Тања Хафнер Адеми и од сите колеги.

**Радмила Шекеринска:**

Дозволете ми ако е ова официјален предлог да го кажам само следното.

Мислам дека со ваквата да кажам политичка игра, во која што вчера тоа што е прифатено, денеска не е прифатливо, покажуваме дека некои работи ги слушаме ама не сакаме да ги чуеме. Многу тешко претпоставувам, ама сега се извинувам.

Јас на никого не му се уфрлив. Господине Димовски, би препорачала да го почитувате редот кој сите денеска го почитуваа, а тоа е да се сослушаме.Никој никому не му се уфрлаше во збор. Сакате сега да, рековте дека ќе и дадете збор, а па добро, рековте, е па би ценела ако може да се пријавуваат за збор, не кога јас дискутирам.

Целта сега веќе станува јасно, дека целиот проблем овдека не е ниту кај мартовскиот договор, не е ниту кај дијалогот со медиуми, бидејќи изгледаат доволно да кажам позитивни како формулации, дека единствениот проблем, ако можам да резимирам е да се избегне дистинкицијата помеѓу државните и партиските активности за време на изборите. Тоа е очигледно каменот на сопнување. Јас мислам дека каменот на сопнување кога седи, тој не треба да не се гледа, треба да се прескокне, да се реши проблемот.

Погледнте ги само формулациите кои што беа користени денот кога беше презентиран извештајот и денот кога овде имавме претставници на Европската унија. Други теми не се споменуваа, ама поделбата на партијата и државата се спомна и во изборен и во неизборен контекст. Сега тоа е, целта е тоа ако може да се избегне. Јас еве вака предлагам, ако сакаме да најдеме решение и да имаме заклучок во оваа формулација да ја вметнеме таа, не да зборуваме за измени на изборниот закон. Знаете колку измени на изборниот закон сме направиле, педесет и кусур измени, но ако сме постигнале согласност оваа тема на двоење на државата и партијата не е една од многуте препораки на ОБСЕ и ОДИХР. Таа во Извештајот на Европската комисија овој пат, за прв пат не ни се спомнува само во изборен контекст, затоа што стана систем на владеење, а не само случај за време на изборните резултати. Дистинкцијата помеѓу партиските и државните активности, минатиот пат ја дискутиравме кога го менувавме изборниот закон и се избегна да се реши проблемот и ако сега бегаме и од формуалцијата околу која сите сме се согласиле партиски, бидејќи не се бунат непартиските членови во советот или претставници, се буниме ние, некој од нас кој што имаат политичка боја и ваљда бранат некаков заеднички партиски став.

Јас предлагам ако се сака да се резимираат сите формулации во една. Тогаш не да зборуваме за општа формулација Избирачкиот закон и избирачкиот список, туку да ја искористиме особено потребата од дистинкција помеѓу државните и партиските активности. Да ја додадеме на крајот на формулацијата околу Изборниот законик и избирачкиот список.

**Илија Димовски**:

Прво мојата реакција беше заради тоа што сè до сега, односно сè до пред вашиот настап, атмосферата на Националниот совет беше многу коректна, со многу рационални и разумни предлози и мислев дека треба навреме да реагирам за да не се наруши таа атмосфера. Ако го прифатите тоа добронамерно ќе ви бидам благодарен, ако не го прифатите добронамерно, нема да ме изненадите. Јас би сакал да поставам неколку практични прашања и да ја вратам 10 минути назад расправата. Зошто постојат две различни тела? Дали некој може да ми објасни зошто постојат две различни тела? Зошто сите членови на Комисијата за европски прашања не се членови на Националниот совет за евроинтеграции и обратно? Зошто ме терате мене да ги прифатам тие заклучоци кои што ги прифатиле членовите на Комисијата, сосема легитимно. Зошто ме терате да нема тема за земјоделие. Легитимно е што госпоѓата од Граѓанската платформа дискутираше за овие прашања. Но, јас сум сигурен дека во земјоделските здруженија во Република Македонија има барем 7 пати повеќе членови отколку во граѓанските кои се занимаваат со многу легитимна проблематика којашто беше посочена. Ако пледираме со заклучоците од Националниот совет да опфатиме се, јас немам проблем. Но тогаш мораме сè да опфатиме, тогаш мораме да ги ставиме и коментарите на Европската комисија за фиксалната и монетарната политика, за даночната политика, за земјоделието, за субвенциите и позитивните и негативните, за здравството, за реформите во образованието. Така да, тука ве молам бидете реални затоа што тука влегуваме во проблематика која ќе значи работа денес, утре задутре, многу сериозна на сите нас. Ако пледираме сè да опфатиме од Извештајот, тогаш сè да опфатиме. Зошто нема човек што тука ќе ми објасни дека земјоделието не е значајно. Извинете, земјоделие имало и пред Европската унија, ќе има и после Европската унија. Во нашата држава 200-300 илјади луѓе својата егизистенција ја обезбедуваат директно од земјоделието и уште 50 илјади од сите индустрии поврзани со тоа, преработувачка, продажба, маркетинг итн. Да не зборам за другите теми, еве земјоделието го земав најпримарно. Имам чувство дека по малку затвореноста во канцеларии на нас политичарите или на дел од нас политичарите, на дел од преставниците на граѓанскиот сектор ни овозможува да се затвориме и да не видиме што е реален живот. По малку имам чувство дека некои кругови мислат дека случувањата се во канцеларии, во сали за состаноци, во проекти напишани за финансирање на одредени невладини организации. Не е таму реалниот живот. Реалниот живот е надвор на терен, тоа е поважно од сите нас тука. И затоа избегнување на такви значајни теми е реален проблем. Ние имавме заклучоци за кои се усогласивме сè до моментот додека господинот Пешев не интервенираше со идејата да внесеме неколку други теми или не знам кој ја отвори таа тема. Потоа рековме дека ако сакате да внесеме нови работи во заклучоците на Националниот совет, да внесеме сè што некој од нас мисли дека е значајно, а не е внесено и тука настана проблем, да констатирам.

**Радмила Шекеринска**:

Јас би замолила колегите, сите членови и претставници на Националниот совет за евроинтеграции, но особено колегите пратеници, да не создаваат атмосфера во која што ќе ги натераме луѓето што ќе зажалат што побарале збор. Мислам дека е тоа некоректно и со тоа асполутно ќе го осудиме Националниот совет за евроинтеграции да изгуби било какво учество на луѓе кои не припаѓаат на политичкиот круг. Тој тип на лекции можеби треба во свои кругови да си ги држи. Ова е процедурално, мислам дека е некоректно. Господине Илија Димовски, по трет пат процедурално ви укажувам дека додека некој говори, вклучително, и јас вие би требало да се воздржите.

**Илија Димовски**:

Немате право да давате рецензија на мојот говор, можете реплика да земете или да се пријавите за дискусија. Не можете, ако сум нарушил нешто требало да ме прекинете.

**Радмила Шекеринска**:

Како резултат на ваквиот обид да се растура работата на Националниот совет и да им се каже на сите дека ако решат да земат збор дека ќе бидат ставени на столбот на срамот, јас можам само да констатирам дека Националниот совет денеска нема волја да се усогласи по повод препораките и заклучоците на Извештајот и мислам дека можеби обидот ќе мора да се направи во една поинаква атмосфера, меѓутоа јас како претседател на Националниот совет не можам да дозволам денеска седницата на Собрание практично да не може да почне заради нас. Јас констатирам дека овде ќе ја запреме денешната дебата. Ако постои можност во текот на денешниот и утрешниот ден додека трае дебатата да се постигне согласност околу заклучоците - во ред. Меѓутоа, сега сметам дека таа атмосфера ја немаме, односно таа атмосфера за жал беше уништена. Последен за збор и прекинуваме затоа што седницата треба да почне.

**Антонио Милошоски**:

Мислам дека заклучоците беа пред самото усвојување и концептот на заклучоците кои сите бевме спремни да ги усвоиме беше предложен од претседателката на Националниот совет, сè додека таа не се согласи со нејзиниот сопствен концепт на менаџирање на усогласувањето на заклучоците. СДСМ подолго време и во Собранието и надвор од Собранието на Република Македонија се обидува да најде оправдание за дел од своите изборни неуспеси и ако треба да разговараме за препораките на ОБСЕ и ОДИХР ние можеме да закажаме посебна седница и да гоземеме извештајот на ОБСЕ и ОДИХР и да разговараме за тие констатации. Едно од тврдењата на СДСМ е дека немаат изборен дуел со политичка партија, со соперник, со политичка коалиција, туку дека имаат противник во

државата, во режимот и сè друго, и тоа е нивен став кој што јавно го изнесуваат, си имаат одредени тези, логика за тоа, став со кој што ние како политичка партија не се согласуваме и тука не сме за да истакнуваме или во заклучоци да вметнуваме нешто за кое што не се согласуваме, туку да видиме за кои работи се согласуваме. И до колку има волја да се гласа за она што се согласуваме, јас мислам дека тоа се предложените заклучоци од претседателката на Националниот совет за кои што од точката 1 став 1 до точката 14 став 1 сите дадовме наша согласност. Ако има желба кај останатите присутни тука да ги усвоиме сите овие предложени точки за кои што една по една ни ги читаше претседателката на Советот, Шекеринска, може да ги изгласаме и да ги усвоиме. Ако нема желба тогаш тоа ќе си биде исто одредена порака.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам за предлогот и покрај политичката обланда во која што беше завиткан. Мислам дека е некоректно да се повикува на консензуален тип на дебата, а при тоа да се злоупотребува истиот за ситни политички коментари. Меѓутоа мислам дека е во ред, ако се сеќавате господине Милошоски, предлогот дојде од страна на вашето мнозинство, да се менуваат тие заклучоци. Она што можам сега да го понудам на крај на оваа дебата, ако сметаме дека заклучоците така како што беа претставени можат да се прифатат и за тоа да се изјасниме консензуално без никакви интервенции, јас сум спремна тоа да го направам. Ако имаме сега проблем зошто сега Илија Димовски мислел многу на земјоделците во канцеларија, ама не се сетил да поднесе заклучок, тогаш нема да стигнеме до заклучоци, а ако во меѓувреме има дебата да се прифатат заклучоците вакви какви што се, ајде тоа да го направиме и предлагам.... без никакви додавки. Сега дали имаме нов предлог.

Во тој случај бидејќи имаме повеќе за дискусија јас сметам дека е некоректно и кон Собранието и кон колегите да го спречиме почетокот на дебатата, предлагам тогаш денеска на пауза или утре во текот на паузата да имаме продолжение на Националниот совет за евроинтеграции.

Ќе ве информирам кога истите ќе ги усвоиме.

Благодарам.

Првото продолжение на 17 седница заврши во 11.45 часот.